Министерството за одбрана или одбраната во целина и Армијата имаат многу јасна улога – да нѐ чуваат безбедни. Безбедноста најчесто ја доживуваме како некој тип на физичка закана, но таа веќе не смее да се симплифицира само како физичка закана, не е само загрозеност од физички непријател или од оружје.

Безбедноста може да биде загрозена и од влошени услови за живот, и од загадена природа и од друг тип на создадени катастрофи од човекот или од природата и затоа како држава која што веќе е дел од најмоќната воено политичка Алијанса – НАТО, сè повеќе и повеќе треба да покажуваме дека ја имаме способноста да се адаптираме на промените. Да се адаптираме на промените и да понудиме одговор на новите услови. Затоа сакам, навистина ми е задоволство да најавам дека Министерството за одбрана и Армијата навистина отвораат едно ново поглавје и во овој домен, а тоа е поглавјето на се поголема грижа за заштитата на животната средина или на она што НАТО веќе го нарекува „зелена одбрана“. Одбрана која води сметка и за последиците врз природата.

Сакаме да ја внесеме еколошката компонента во нашето дејствување не само во деновите кога зборуваме за заштита на животна средина, туку секој ден и во секој дел од нашата работа. Затоа денеска ми е задоволство да објавам дека веќе потпишавме два договора со две домашни компании со кои во две големи касарни на Армијата на Република Северна Македонија, касарната во Петровец и касарната во Куманово почнуваме замена на досегашниот систем за греење кој што користеше мазут, на нов систем за греење кој што ќе користи природен гас.

Тоа го правиме и за да ја модернизираме Армијата и нејзините објекти, меѓутоа пред сè да ги заштитиме граѓаните во општините во кои имаме касарни, а во кои загадувањето сè повеќе и повеќе станува прашање на кое што му обрнуваме внимание.

Самите сте свесни дека прашањата од типот на тоа кој реагенси ги користиме за загревање станаа сè почести во нашите дебати, тоа покажува дека како држава, како општество, како луѓе сме станале позрели и повнимателни по овие прашања и ние тоа како Влада го најавивме уште претходната година, но овие проекти ги започнавме исто уште во 2020 година, сега ги имаме договорите и веќе во текот на оваа година очекуваме две големи касарни кои што се дел од пошироката скопска околина, или самиот главен град целосно да ги затвориме за мазут и целосно да ги пренасочиме кон природен гас.

Тоа ќе биде здраво не само за припадниците на Армијата кои што таму работат и живеат, туку и за сите граѓани во Скопје и скопско кои што зависат од воздухот кој го дишеме.

И НАТО Алијансата, особено на последниот Самит, јасно покажа дека грижата за природата, климатските промени, дека заштитата на животната средина сè повеќе и повеќе станува безбедносно прашање. Дека тоа не е тема надвор од темите на одбрана и дека таа е една од најголемите закани за сите земји – членки на НАТО.

Како и секоја закана, и оваа може да се превенира и буквално ова што денеска го започнуваме е во таа насока – да го намалиме загадувањето за да ја намалиме на некој начин енергијата која што влијае на климатските промени.

Уште во текот на спроведувањето на вежбите во „Криволак“ каде што веќе секоја година по ред паралелно со големите вежби спроведуваме и целосни мерења на еколошките параметри како Министерство за одбрана, како Влада, покажуваме дека водиме сметка за сите ефекти врз нашата животна средина. Јас сакам само да додадам дека ова е само почеток.

Министерството за одбрана е веќе при крај со сопствена анализа и целосен план како да направи енергетска транзиција во која што сите позагадувачки енергенси ќе ги оставиме во минатото и ќе се префрлиме на енергенси кои што помалку загадуваат, а притоа и ќе ја зголемиме и енергетската ефикансост на нашите објекти. Дополнително подготвени сме во следните три години интензивно да вложуваме и во фотоволтаици коишто ќе создадат енергија за нашите сопствени потреби и со тој план кој што набргу ќе го презентираме, на долг рок и штедиме пари и ќе ги намалуваме загадувањата. Тоа е концепт којшто буквално освен што го намалува загадувањето, буквално штити човечки животи, а тоа е задачата на секој одбранбен систем. Затоа сакам да се заблагодарам на компаниите кои што учествуваа, особено на компаниите кои што ги добија овие договори и да ја изразам нашата надеж и подготвеност многу ефикасно да ги спроведеме проектите и буквално во нашиот главен град дополнително да ги намалиме изворите на загадување.